Службен гласник
на Општина Струмица

Број 2	Понеделник, 06 февруари 2023 год.

www.strumica.gov.mk

С о д р ж и н а

Градоначалник на општина Струмица:

Рег. бр.		Стр.
32.	**Одлука** за организирање јавна анкета и јавна презентација за Измена и дополна на Детален урбанистички план, дел од Блок 33, дел од У.Е.4 согласно ГУП за град Струмица	2
33.	**Решение** за формирање на Комисија за спроведување за Измена и дополна на Детален урбанистички план, дел од Блок 33, дел од У.Е.4 согласно ГУП за град Струмица	2
34.	**Решение** за давање согласност за отварање сметка на СОУ „Никола Карев“ Струмица	3
35.	**Решение** за разрешување на вршител на должност директор на ЈОУДГ „Виножито“ – Струмица	3
36.	**Решение** за именување вршител на должност директор на ЈОУДГ „Виножито“ Струмица	4
37.	**Решение** за именување вршител на должност директор на Јавното претпријатие за енергетски дејности „Струмица - Гас“ Струмица	

32.

Врз основа на член 28, и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија“ број 32/2020) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Службен гласник на општина Струмица” број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

О д л у к а
за организирање јавна анкета и јавна презентација за Измена и дополна на Детален урбанистички план, дел од Блок 33, дел од У.Е.4 согласно ГУП за град Струмица

Член 1

Се организира јавна анкета и јавна презентација за изработка на Измена и дополна на Детален урбанистички план, дел од Блок 33, дел од У.Е.4 согласно ГУП за град Струмица, со вкупна површина на планскиот опфат од 4.674,20 m².

Планскиот опфат е дефиниран со следните граници:

-од североисточната страна по осовина на ул."22-ри Декември";

-од северозападна страна оди по граница на ул. "Крсте Мисирков";

-од југозападната страна оди по осовина ул."Крсте Мисирков";

-од југоисточна страна границата се движи по осовина на ул. „Кукушка“

Член 2

Одлуката за организирање на јавната анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи, на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

Член 3

Јавната анкета ќе трае од 21.02.2023 година до 23.03.2023 година, а јавната презентација ќе се одржи на ден 24.02.2023 година во 13:00 часот во просториите на Секторот за урбанизам, Општина Струмица.

Член 4

Нацрт планот за Измена и дополна на Детален урбанистички план, дел од Блок 33, дел од У.Е.4 согласно ГУП за град Струмица, ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул.”Ленинова” бр.34.

Член 5

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во ”Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.09-941/2 Општина Струмица
03.02.2023 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Костадин Костадинов с.р.
.....

33.

Врз основа на член 28, и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија“ број 32/2020) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Службен гласник на општина Струмица” број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 и 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за формирање на Комисија за спроведување за Измена и дополна на Детален урбанистички план, дел од Блок 33, дел од У.Е.4 согласно ГУП за град Струмица

1. Се формира Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација на Измена и дополна на Детален урбанистички план, дел од Блок

33, дел од У.Е.4 согласно ГУП за град Струмица, со површина на планскиот опфат од 4.674,20 m², во состав:

- Софија Ристова - Раководител на Одделението за урбанизам,
- Андреј Манев - претставник на изготвувачот на планот,
- Елина Трендова - дипломиран архитект, надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе јавната анкета од 21.02.2023 година до 23.03.2023 година, а јавната презентација да се одржи на ден 24.02.2023 година во 13:00 часот во п ростории те на Секторот за урбанизам, Општина Струмица.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр.09-941/3 Општина Струмица
03.02.2023 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Костадин Костадинов с.р.
.....

34.

. Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа" („Сл.весник на РМ" бр.5/02) на член 39 од Статутот на општина Струмица („ Сл.гласник на Општина Струмица" бр.5/06) во врска со отварање и затварање на сметки на буџетски корисници во рамките на трезорската сметка, глава IV точка 16 алинеја 5 од Упатството за начинот на трезорско работење ("Сл. весник на РМ" бр.219/2018), Градоначалникот на општина Струмица, донесе:

Р е ш е н и е
за давање на согласност за отварање на сметка на СОУ „Никола Карев" Струмица

1. На буџетскиот корисник СОУ "Никола Карев" Струмица му се дава согласност за отварање на донаторска сметка 785 за проектот за програмата ЕРАЗМУС + Клучна акција 2, КА210-SCH – Партнерства од мал обем на полето на Училишно обазование , регистрационен број 2022-2-МК01-КА210-SCH-000100728 , РКБ 06874 , раздел 76601, согласно нивното барање број 05-226/1 од 11.01.2023 година.

2. Решението влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.09-226/ 2 Општина Струмица
13.01.2023 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Костадин Костадинов с.р.
.....

35.

Врз основа на член 109 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 11 од Актот за основање на јавна општинска установа за деца – Детска градинка „Виножито" – Струмица бр. 08-4878/1 од 23.06.2022 година („Службен гласник на општина Струмица" бр.10/2022) донесен од Советот на општина Струмица и член 39 алинеа 15 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица" бр. 5/2006), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за разрешување на вршител на должност директор на ЈОУДГ „Виножито" – Струмица

1. Од должноста вршител на должност директор на ЈОУДГ „Виножито" – Струмица се разрешува Софче Димитријева, дипломиран правник, магистар од областа на казненото право, заклучно со 22.01.2023 година, поради истек на мандатот.

2. Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.09-427/1 Општина Струмица
20.01.2023 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Костадин Костадинов с.р.
.....

36.

Врз основа на член 109 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 11 од Актот за основање на јавна општинска установа за деца – Детска градинка „Виножито“ – Струмица бр. 08-4878/1 од 23.06.2022 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр.10/2022) донесен од Советот на општина Струмица и член 39 алинеа 15 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 5/2006), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за именување вршител на должност директор на ЈОУДГ „Виножито“ – Струмица

1. За вршител на должноста директор на ЈОУДГ „Виножито“ - Струмица се именува Васко Наќев, Дипломиран професор за предучилишно воспитание.

2. Вршителот на должност директор ги има сите права и должности на директор и може да ја врши должноста до именување на Директор, а најдолго шест месеци од денот на именувањето.

3. Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето.

Бр.09-427/2 Општина Струмица
23.01.2023 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Костадин Костадинов с.р.

.....

37.

Врз основа на член 19-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22) и член 39 став 1 алинеја 9 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за именување вршител на должност директор на Јавното претпријатие за енергетски дејности „Струмица - Гас“ Струмица

Член 1

За вршител на должност директор на Јавното претпријатие за енергетски дејности „Струмица - Гас“ Струмица се именува Благој Милановиќ, дипломиран машински инжинер од Струмица, досегашен Директор на оваа Јавно претпријатие.

Член 2

Вршителот на должноста директор се именува сметано од 06.02.2023 година, но не подолго од 6 (шест) месеци.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 09-944/1 Општина Струмица
03.02.2023 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Костадин Костадинов с.р.